| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела на дел од КП бр. 1103/1, дел од КП бр. 1103/2, дел од КП бр. 1088 и дел од КП бр. 1089, КО Милетино вон град, Општина Брвеница, со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани со максимална моќност до 1 MW |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | Друштво за изработка на планови и проекти ПРО ИНГ 2026 ДООЕЛ Гостивар |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Градоначалник на општина |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Елисавета Алексовска, миа, овластување бр. 0.0733 |
| **Назив на работното место** | Планер |
| **Контакт податоци за лицето** | ул. Илинденска бр 4, 1230 Гостивар<br>042/222-500 |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** | | | |
| По иницијатива на инвеститорот, а врз основа на член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање (Службен Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), по прибавени Услови за планирање на просторот со тех. бр. Y44425 од Ноември 2025 година и Решение за Услови за планирање на просторот со Арх. бр. 15-1127/1 од 05.03.2026 година, издадено од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање како и одобрена Проектна Програма со Решение бр. 14-260/3 од 07.05.2026 година од Градоначалникот на Општина Брвеница, се изработува овој Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела на дел од КП бр. 1103/1, дел од КП бр. 1103/2, дел од КП бр. 1088 и дел од КП бр. 1089, КО Милетино вон град, Општина Брвеница, со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани со максимална моќност до 1 MW.<br>Урбанистичкиот проект треба да се изработи во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Службен Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и Правилникот за урбанистичко планирање (Службен Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26) како и останатите подзаконски акти релевантни за проектниот опфат. | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| Да X<br>Не | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| Проектниот опфат кој е предмет на уредување со Урбанистички проект, не бил предмет на планирање и уредување во минатото и како таков е опфатен со Просторниот план на Република Македонија, донесен на 11.06.2004 год. од Собранието на Република Македонија. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| ДА – енергетика. | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планovи и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** | | | |
| | | | |
| Да<br>Не √ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| Не. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| Планираниот објект е еден вид централа-фотоволтаична, за производство на електрична енергија од обновливи ресурси (сончева енергија) што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Р. Македонија. | | | |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** | | | |
| Донесувањето на планскиот документ ќе придонесе за: намалување на емисиите во воздух, вклучувајќи намалени емисии на стакленички гасови и придонес кон ублажување на климатските промени, зголемување на енергетската ефикасност во однос на постоечките постројки во секторот енергетика, подобрување на услугите во производство и снабдување со електрична енергија и топлина, намалување на зависноста од увоз на струја, отварање на нови работни места, подобрување на бизнис климата, подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард на населението. Географската положба и сообраќајната | | | |

поставеност на ова локација одат во прилог за оформување на плански опфат за поставка на Фотоволтаична централа - градба за производство на електрична енергија од обновливи извори.

**Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**

Планирање на просторот.

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

2026 година.

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**

/.

**Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)**

Проектниот опфат се наоѓа на надморска височина од 450.78 m до 461.27 m.

Локацијата на проектниот опфат се наоѓа во атар на село Милетино во околината на градот Тетово кое територијално припаѓа на Општина Брвеница.

Границата на проектниот опфат е затворен полигон кој се движи по границата на дел од КП бр. 1103/1, дел од КП бр. 1103/2, дел од КП бр. 1088 и дел од КП бр. 1089, КО Милетино вон град и зафаќа површина од 9953 $m^2$ (0.99 ха). На северната страна се граничи со границата на дел од КП бр. 1088 и дел од КП бр. 1089, КО Милетино вон град, на североисточната страна се граничи со границата на КП бр. 2730, КО Милетино вон град која претставува земјан пат преку кој планираната градежна парцела има сообраќаен пристап, на југоисточната страна се граничи со границата на КП бр. 1102, КО Милетино вон град, на јужната страна се граничи со границата на КП бр. 1103/3, КО Милетино вон град, на југозападната страна се граничи со дел од КП бр. 1103/1, КО Милетино вон град и на северозападната страна се граничи со дел од КП бр. 1103/2, КО Милетино вон град.

Границата на проектниот опфат е претставена описно со координатите по X и Y на секоја прекршна точка, означена со редни броеви од Т1 до Т19 и истите се дадени во табеларен приказ подолу:

| | Y | X |
|---|---|---|
| **T1** | 7499814.8704 | 4641536.6533 |
| **T2** | 7499808.8273 | 4641537.6279 |
| **T3** | 7499797.6287 | 4641507.7808 |
| **T4** | 7499784.0623 | 4641490.1874 |
| **T5** | 7499775.8863 | 4641481.0489 |
| **T6** | 7499765.7771 | 4641473.7116 |
| **T7** | 7499733.2819 | 4641459.5959 |
| **T8** | 7499707.8577 | 4641451.5295 |
| **T9** | 7499661.3769 | 4641433.3475 |
| **T10** | 7499660.8700 | 4641433.0818 |
| **T11** | 7499690.1593 | 4641364.2969 |
| **T12** | 7499781.8900 | 4641398.5500 |
| **T13** | 7499793.3500 | 4641427.8400 |
| **T14** | 7499793.9200 | 4641428.9800 |
| **T15** | 7499794.3100 | 4641431.0200 |
| **T16** | 7499794.3500 | 4641440.7200 |
| **T17** | 7499794.3900 | 4641449.9300 |
| **T18** | 7499792.3400 | 4641460.3400 |
| **T19** | 7499802.9300 | 4641504.8300 |




**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

Да √

Содржани се во Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела на дел од КП бр. 1103/1, дел од КП бр. 1103/2, дел од КП бр. 1088 и дел од КП бр. 1089, КО Милетино вон град, Општина Брвеница, со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани со максимална моќност до 1 MW, со тех. бр. 29/26 изработен од Друштво за изработка на планови и проекти ПРО ИНГ 2026 ДООЕЛ Гостивар

Не

**Дали е приложена копија од целите?**

Да

Не √

**Резиме на влијанијата врз животната средина**

(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)

Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од: Несоодветното управување со генерираниот отпад. Во фазата на функционирање на фотоволтаичната централа може да се очекува, евентуално дефект или оштетување на опремата од некоја природна непогода, при што потребна е нејзина промена, додека оштетената опрема треба да се превземе од компанија која ќе поседува лиценца за таа цел добиена од Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање.

| | |
|---|---|
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Со реализацијата на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот.<br>При реализација на содржините во планскиот опфат предвидени со планската документација особено во конструктивната фаза ќе се генерираат емисии во воздухот од градежните активности и од механизацијата, отпад, бучава, вибрации, несакани истекувања и сл. кои може да предизвикаат негативни влијанија врз здравјето на луѓето, воздухот, водата, почвата, биолошката разновидност, пределот и сл.<br>Овие влијанија се оценуваат како можни, локални, повратни и неповратни, краткорочни влијанија. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Нема. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи и хаварии. Согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување при планирање и уредување на просторот. Тоа опфаќа пред се: изградба на објекти отпорни на сеизмички дејствија, регулирање на водотеците и изградба на систем на одбрамбени насипи, изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти и заштита и изградба на потребната инфраструктура во согласност со член 54 од Законот за заштита и спасување.<br>Планирањето и изработката на техничката документација треба да се во согласност со Законот за заштита од пожар.<br>При изработка на техничката документација за изградба на објектите да се изработат и посебни проекти за заштита од пожар кој ќе бидат во согласност со Законот за заштита од пожар.<br>Од останатите метеролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди со манифестираат појавата на град, лунени ветрови и магли.<br>Во инвестиционите проекти треба да се разработат мерките за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природните катастрофи.<br>За успешно функционирање на заштитата од природни и елементарни катастрофи во процесот на урбанистичко планирање потребно е да се превземат соодветни мерки за заштита од пожари, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случаи на пожарите.<br>Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурација на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска** | Општина Брвеница се наоѓа во северо-западниот дел од Македонија, а територијално припаѓа на општина Тетово. |

<table>
<tr><td>област и големината на популацијата која ќе биде засегната)</td><td>Брвеница е рурална општина и граничи со општините: Тетово, Боговиње, Желино, Гостивар, Врапчиште и Македонски Брод. Во општина Брвеница, според последниот Попис на населението од 2021 година, живеат вкупно 13645 жители.<br>Во проектниот опфат нема изградени објекти и нема жители кои постојано живеат на предметниот простор.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Поволната географската положба и живописното опкружување, добрите микроклиматски услови, отвореноста на просторот кон далечни простран видици и добрата диспозиција на локалитетот во однос на сообраќајната поврзаност со општината и пошироко со регионот, одат во прилог на идејата за реализација на овој план. Планирањето и уредувањето на просторот врз принципите на одржлив развој и тоа пред се еколошкиот аспект, економскиот и социјалниот, дозволува концептуално просторот да се третира и добие значење на објект кој користи обновлив извор на енергија.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:</td></tr>
<tr><td>Посебни природни карактеристики или културно наследство</td><td>Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.<br>Согласно податоци и информации добиени од Министерство за култура – Управа за заштита на културно наследство, допис бр. 17-47/2 од 20.01.2026 година, констатирано е дека во границите на предметниот проектен опфат нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека се културно наследство.</td></tr>
<tr><td>Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности</td><td>Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности.</td></tr>
<tr><td>Интензивна употреба на земјиштето</td><td>Според инвентаризацијата на земјиштетото во проектниот опфат, изградениот градежен фонд, вкупната физичка инфраструктура и инсталации во рамки на проектниот опфат нема постојни објекти, бидејќи земјиштето е без изграден градежен фонд.<br>Проектниот опфат со својата местоположба е во атар на село Милетино во место викано Подгорица, Општина Брвеница и се наоѓа во северозападниот дел од атарот на село Милетино надвор од населениот дел покрај земјан пат преку кој планираната градежна парцела има сообраќаен пристап. Постојниот земјан пат се поврзува со асфалтиран пат кој води кон населениот дел на селото и истиот директно се поврзува со регионалниот пат Р2233, Гостивар - врска со А2 - Чегране - клучка Тетово запад - врска со А2 - Брвеница, преку кој пак се поврзува со магистралниот пат А2, граница со Бугарија (ГП Деве Баир) - Крива Паланка - Страцин - Романовце Куманово - Миладиновце – обиколница Скопје - Тетово - Гостивар - Кичево - Требениште - Струга - граница со Албанија (ГП Ќафасан), градот Тетово и останатиот дел од Општината и Републиката.<br>Во рамки на проектниот опфат нема постојна водоводна мрежа.<br>Во рамки на проектниот опфат нема постојна фекална канализација.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | Во рамки на проектниот опфат нема постојна атмосферска канализација.<br>Согласно доставените податоци под бр. 08-6189/2 од 24.12.2025 година, НОМАГАС АД Скопје известува дека во рамки на проектниот опфат нема изградено ниту планирано гасоводна мрежа.<br>Согласно доставените податоци под бр. 10-55/6-565 од 29.12.2025 година, ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје издава потврда за постојни подземни и надземни инсталации на дистрибутивната мрежа на објекти во рамките на проектниот опфат и тоа: среднонапонски кабелски вод, среднонапонски надземен вод и трансформаторски станици во која е наведено дека во рамките на проектниот опфат не постојат инсталации во сопственост ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје.<br>Согласно доставените податоци под бр. 11-7244/1 од 24.12.2025 година, АД МЕПСО известува дека проектниот опфат не се пресекува со електро енергетски објекти во сопственост на АД МЕПСО.<br>Согласно доставените податоци под бр. 08-247/3 од 09.02.2026 година, АД ЕСМ - Скопје известува дека во рамки на проектниот опфат немаат постојни објекти и инсталации ниту планирани кои се во нивна надлежност.<br>Согласно доставените податоци под број 77060 од 25.12.2025 година, Македонски Телеком АД Скопје известува дека во рамки на проектниот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.<br>Во рамките на проектниот опфат оформена е градежна парцела ГП_1 со површини за градба со класа на намена и тоа:<br>Е – ИНФРАСТРУКТУРИ<br>Е1.13 – ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ со максимална моќност до 1 MW. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја** | Предметниот опфат не зафаќа постојан или непостојан воден тек и не е во рамки на предвидена акумулација согласно Водостопанската основа на Просторниот план на Република Македонија 2002-2022, но се наоѓа во третата заштитена зона на изворот Рашче од каде се снабдува со вода градот Скопје. Поради тоа, треба да се почитува режимот за заштита во соодветната заштитена зона на изворот, дефиниран со Правилник и “Елаборатот за ажурирање на границите на заштитените зони на изворот Рашче и определување на мерки за заштита со тех. бр. ГТ 77/09/2019 од Септември 2019 година изработен од Градежен институт на Република Македонија, кој се однесува на начин на определување и одржување на заштитените зони околу изворото за заштита на водата за пиење со кој се предвидува следното: Во пошироката 3 заштитна зона (зона на хигиенско-епидемиолошко следење и набљудување) се забранува:<br>● испуштање на непрочистени отпадни води, нафта и нафтени деривати, киселини и други штетни, опасни и радиоактивни материи;<br>● депонирање на отпад, надвор од организирани, обезбедени и контролирани депонии;<br>● било какви индустриски, хемиски, металуршки и рударски депонии на опасен и штетен отпад;<br>● складирање на радиоактивни материи; |

<table>
<tr>
<td></td>
<td>
<ul>
<li>нерегулиран транспорт и нерегуларно складирање на: киселини, масла, отровни, опасни, штетни материи;</li>
<li>изградба на септички јами, освен водонепропусни септички јами на локации каде не постои инсталирана канализациска мрежа;</li>
<li>неконтролирана сеча на шуми;</li>
<li>изградба на индустриски комплекси кои во технолошките процеси користат опасни и штетни материи, освен со примена на посебни-строги мерки на заштита, исполнување на посебни услови и доколку со стручна експертиза се докаже дека нема да има штетно влијание врз квалитетот на подземните води согласно прописите од животна средина и прописите за безбедност и квалитет на вода за пиење;</li>
<li>Директно испуштање на отпадните води во отворените водотеци во третата заштитна зона се дозволува само откако ќе бидат прочистени, според критериумите за површински водотеци од II класа, согласно критериумите дадени во законските прописи и други плански акти.</li>
<li>Во трета заштитна зона не треба да се вршат и други видови на активности и дејности кои го загрозуваат квалитетот и квантитетот на подземните води.</li>
</ul>
Во трета заштитна зона може да се спроведуваат мерки на одгледување, нега и обнова на шумите, пошумување со насади за обнова на шуми и пошумување на голини за заштита од ерозија,од страна на ЈП „Национални шуми“.
</td>
</tr>
<tr>
<td colspan="2">
Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>
Со Урбанистичкиот проект се создаваат предуслови за развој на локалната економија и ефектуирање на даночната обврска на сопствениците за плаќање данок на имот што претставува значаен извор на приход на локалната самоуправа. Овој приход мултиплицирано ќе овозможи зголемување на фондовите на општината и развој на повеќе дејности од нивна надлежност со што ќе се овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои што локалната самоуправа ги дава на своите граѓани.<br>
Целта на изработката на овој план е создавање услови за организација и ефикасно користење на просторот, обезбедување стабилност во снабдување на електрична енергија, односно одржливо производство на енергија, отварање нови работни места, подобрување на квалитетот на воздухот, намалување на стакленички гасови, зголемување на енергетската ефикасност.<br>
Имплементацијата на планскиот документ со својата намена за користење на обновливи извори на енергија е во насока на реализација на генералните цели на одржливиот развој преку намалување на вкупните емисии во воздух од производство на електрична енергија на конвенционален начин. Со правилно планирање и проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна фаза нема да претставува значителен товар врз животната средина.
</td>
</tr>
<tr>
<td colspan="2">
Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>
Во близина на планскиот опфат нема резиденцијални објекти.
</td>
</tr>
<tr>
<td colspan="2">
Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:
</td>
</tr>
</table>

| |
|---|
| **(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**<br>Преку одржливиот развој ќе се создадат услови за планирање на организиран простор за градба кој ќе биде реализиран и ќе претставува нов циклус во развојот на економијата и стопанството, а во исто време ќе допринесе и за заштита на животната средина. Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:<br>- Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;<br>- Допринос во локалната и национална економија. |
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**<br>**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**<br>Неправилно управување со отпадот може да доведат до загадување на животната средина и здравјето на човекот. |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**<br>Овој план е поврзан со:<br>● Просторен план на РМ;<br>● Национален план за управување со отпад;<br>● Национална стратегија за одржлив развој;<br>● Втор национален еколошки акционен план на РМ;<br>● Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;<br>● Стратегија за мониторинг на животната средина. |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br>Опфатот не бил разгледуван во друг плански документ и за истиот нема претходно спроведено стратегиска оцена. |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на پониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br>Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на |

<table>
<tr><td colspan="2">проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.<br>Овој проект спаѓа во Уредбата за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина Прилог 1, точка V-Енергетика, потточка 5-Електрани кои користат обновливи извори на енергија (сонце, ветер, биомаса, биогас, геотермална и др.) со моќност до 200 MW.</td></tr>
<tr><td>ИЗЈАВА</td><td>Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.</td></tr>
<tr><td>Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот</td><td>Градоначалник<br>Јовица Илиевски</td></tr>
<tr><td>Бр. ____________<br>Датум: __________ година<br>Место: Општина Брвеница</td><td>М.П.</td></tr>
</table>